СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Дваесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 20 јули 1995 година

Скопје, јули 1995 година

# I ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 22-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РМ, ОДРЖАНА НА 20.07.1995 ГОДИНА


1. АНДОВ СТОЈАН - 31, 50, 52, 68, 70
2. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 36, 51, 65
3. ВАНГЕЛОВ АТАНАС – 35
4. ГОШЕВ ТУШЕ - 45
5. ЈАКИМОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 59, 60
6. КАДРИУ ЗЕЌИР - 37
7. ЛАЗАРОВ ЈОВАН - 64
8. МИНОВ ПАНЧЕ - 42, 44, 47, 50
9. МИХАЈЛОВСКИ БРАНИРОД - 69
10. НАСТЕСКИ ДИМЧЕ – 57
11. ПОПОВСКИ ВЛАДО -2 ,5, 14, 17, 19, 22, 33, 39, 40, 48
12. ПОПОВСКИ Г. НИКОЛА - 13, 19, 21, 24
13. ПРУСИ АБДУРАИФ - 53
14. РАМАДАНИ ХИСЕН - 34, 35, 55
15. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 2
16. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 10, 40
17. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР -16
18. ТАИРИ МЕВЉАН - 32, 33
19. ТРИПУНОВСКИ МИРКО - 38

т. 1.на стр.1(Закон за судовите-продолжение)
т.5. – стр.2
т.6. – стр.69
т.7. – стр.72
т.8. – стр.74
т.9. – стр.75
т.10. – стр.75
т.11. – стр.77
т.12. – стр.77
т.13. – стр.78
т14. – стр.79
т.15. – стр.80
т.16. – стр.80
т.17. – стр.81
т.18. – стр.81
т.19. – стр.82
т.20. – стр.82


крај

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на 22-та седница на Собранието на Република Македонија одржана на 20.07.1995 година

Седницата започна со работа во 12,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа. Пратениците Киро Поповски, Санде Џамбазовски, Ване Наумовски, Горги Атанасов Љубисав Иванов, Душко Николовски, Симе Наумовски, Зоран Крстевски, Панче Насев, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Ве молам, очекувам во текот на седницата што побрзо да дојдат доволен број на пратеници за да можеме да гласаме Законот за судовите. Затоа ви предлагам да почнеме со работа на тој закон. Да не ни се случи да помине време па некој да си отиде од пратениците па да немаме доволен број овде, Вие знаете дека со 2/3 мнозинство се донесува тој закон. Всушност, не би можеле да го дадеме на изјаснување доколку не се доволно присутни во салата. Дали се согласувате? (Се согласуваме).

Продолжуваме со претрес по законот за судовите.

Пратеникот Наќе Стојановски поднесе амандман на член 28 став 1, на точка 2 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 28 став 1 точка 2, поднесен од пратеникот Наќе Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

I/2.-РД/лј

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не го прифаќаме, поради аргументацијата што беше изнесена за бројот на предметите и по сите тие амандмани практично сакам да потенцирам дека претставникот на Владата остана доследен на ставот 2.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, со оглед на тоа што усвојуваме огромен број на амандмани, а концепцијата на законот е доведена на рабoт, така што од понатамошен голем број на амандмани би се нарушила целосно концепцијата на овој закон. Да ве известам дека пратеничката група на Либерална Партија ќе гласа само за оние амандмани кои претставуваат усогласување на досегашните амандмани, односно за оние амандмани кои ќе ги прифати Владата.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници. Амандманот што го поднесов е доставен уште во текот на вчерашната седница. Јас не го поднесов од потребата дека положбата на граѓаните во подрачјето на општина Демир Хисар ќе се подобри во. однос на остваруваше на правата, во однос на заштитата на остварување на правата и слободите и во однос на ефикасноста на остварувањето на своите права и слободи, го поднесов едноставно после сето она што се случи на вчерашната седница со учество пред се, на добар дел од пратеничкиот состав а пред се и на либералната партија која слушнавме сега дека ќе гласа само за оние амандмани кои ќе одат во функција на поддржување на сегашните решенија, а тоа може добро да се види од стенограмите, со единствена цел да се заштити достоинството на тие граѓани, после сетот тоа што се случи, затоа што остана единствена општина која без посебна организациона единица во составот на судот и прашање е само на чест на тие граѓани дека треба да се чуе и нивниот збор затоа што приодот во

однос на правањето на мрежата на судството што потекна со амандманската расправа во ова време, всушност претставува еден приод према мене, кое не дозволи и она што се случи вчера во Собранието. Мислам дека во таа смисла предлагачот требаше по енергично да реагира, поготово после паузата што е дадена до денешниот ден и да поднесе нови амандмани на тој дел, затоа што сметам дека интересите на граѓаните не се штитат баш на таков начин, тоа е мое мислење и конкретно во врска со овој мој амандман мислам дека интересите на граѓаните на подрачјето на општина Демир Хисар нема да бидат заштитени вон дигнитетот и интересите на Република Македонија. Всушност, може да се сведе на тоа дека граѓаните практично во Демир Хисар не би оствариле никакво свое право повеќе до тоа доколку се дестабилизираат на некој начин и на ваков начин концептот на организацијата на третата судска власт во Републиката. Иако навидум изгледа дека со амандманите што се поднесени во делот на мрежата за поставување на судската власт дека се подобрува положбата за добар дел на граѓаните во соодветните општини. Напротив, таа се усложнува и се прави се потешко остварување на правата, всушност заштита на правата и слободите на граѓаните. И ефикасно остварување на судската власт на територијата на Република Македонија. Но, мислам дека таа тема на организација на државата, поготово еве конкретно на судската власт ќе биде тема која овој парламент веројатно и во иднина ќе ја расправа. Практиката ќе покаже дека дали ваквиот концепт кој ќе го донесе овој парламент ќе биде тој концепт најефикасен и доколку се покажат одредени други нужности, исто овој парламент во овој состав , или некој друг состав тој концепт ќе го менува повеќе или помалку.

Јас веднаш да кажам само сакав да се чуе тој глас да не бидат тие граѓани дискриминирани. Веднаш да кажам дек и досегашното

остварување на начинот на кој беше решено во стариот закон за граѓаните од општина Демир Хисар со судски денови и преку Општински суд за прекршоци, беше еден примерен и ефикасен начин на функционирање на судската власт за тоа подрачје. И примерен и ефикасен начин на функционирање на исто таква судска власт во идниот период ќе биде останување на истата организација како што беше и досега, имајќи го притоа и фактот дека во членот 117 од предложениот закон Општинскиот суд за прекршоци се укинува во Демир Хисар, што најголем дел од предметите што ги остваруваа граѓаните своите права, практично доаѓајќи во додир со судската власт го правеа првенствено преку тој суд. Сега ќе мора тоа да го прават во Битола. Јас со предлагачите разговарав после вчерашната седница, бев убедуван дека во текот на есента оваа година ќе дојде нов закон за прекршоци и дека таму ќе се реши прашањето граѓаните и понатаму да ги остваруваат своите права во Општинскиот суд за прекршоци Битола со истурено одделение, она што сега се предлага во рамките на редовните судови во општината Демир Хисар. Јас и понатаму инсистирам до овој Парламент, после се ова што се случи, ради честа на тие граѓани кои не ги претставувам само јас, должност е на секој пратеник овде и претставник на граѓаните во Република Македонија овој амандман да биде поддржан што го предлагам јас исклучиво поради оваа причина што ја наведувам а не поради потребата која нужно се наведува а се надевам дека ние овој состав и оваа извршна власт и предлагачите дека таа мрежа еден ден од практиката ќе ја преиспита и ќе ја доведе е сходно едни објективни критериуми кој ќе бидат целисходни за остварување на судската власт во Република Македонија. Мора да признаеме дека и при ваквиот концепт добар дел на субјекти остануваат незадоволни со решенијата, не во смисла поради својата импулсивна потреба да наметнат свои локалистички решенија, туку поради својата проекција во свеста дека на таков начин решенијата би биле подобри за добар дел на граѓаните од

I/5.-

Република Македонија. Јас се надевам дека правилно ќе бидам разбран и дека овој амандман ќе биде поддржан од пратениците во ова Собрание.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (53)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (25)

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 28 став 1 точка 2 поднесен од пратеникот Наќе Стојановски.

Пратениците Сали Рамадани и Рами Туда, поднесоа амандмани на член 29 став 1 за додавање точка 4, член 32 став 1 точка б, и член 39 став 2 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 29 став 1 за додавање точка 4, поднесен од пратениците Сали Рамадани и Рами Туда.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа, имено, се предлага апелационен суд во Кичево, со судска област од општините или судските области на основните судови од Дебар, Струга, Охрид, Крушево, Гостивар, Прилеп, Тетово и Кичево од проста причина што станува збор за една здраво-разумска спонтана конструкција на создавање на еден судски гравитационен центар кој што никогаш не бил таков во однос на судови кои по однос не самиот предложен центар се поголеми и претставуваат

центар во однос на таа инаку измислена локација, сметам дека самиот предлог има друга намера отколку сериозно поправање и оптимализација на судската мрежа и судската надлежност во Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (8)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 29 став 1 за додавање точка 1 поднесен од пратениците Сали Рамадани и Рами Туда.

Продолжуваме со претрес по амандманот на член 32 став 1 додавање нова точка в, на ставовите 2 и 5 поднесен од Мирко Пецов. (Го повлекува амандманот)

Отворам претрес по амандманот на член 32 став 2 и 5 пратеникот Душан Николов.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 32 став 2 и 5 поднесен од пратеникот Душан Николов.

Отворам претрес по амандманот на член 32став 2 и 5 поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана. точка б, за пратеникот поднесен од амандманот.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

I/7.-

**ВЛАДО ПОПОВСКИ.**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 32 став 3 поднесен од пратениците Ристо Трајков, Драган Георгиев и Туше Гошев. Го повлекуваат амандманот.

Пратеникот Зоран Шапуриќ поднесе амандмани на член 32 став 4 и 5 за додавање на нов став 6 и на член 117 за додавање нов став 5 по кој Владата не се произнела.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

амандманите се прифаќаат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 32 став 4 и 5, и за додавање нов став 6, поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 32 став 1 точка б, поднесен од пратениците Сали Рамадани и Рами Туда.

Го молам претставникот на Владата а се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Логично следи од претходното изнесување не се прифаќа ниту овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?(Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Четворица пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 32 став 1 точка б, поднесен од пратениците Сали Рамадани и Рами Туда.

Отворам претрес по амандманот на член 34 став 1 точка 1 и 3 поднесен од пратеникот Љубомир Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 34 став 1 за бришење на точката 5-а поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 35 став 1 алинеја 2 поднесен од пратеникот Никола Г. Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (не) Предлагачот го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 35 став 1 алинеја 2, 5 и на став 2 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 39 за менување на став 2 поднесен од ЗПК .

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 9 за додавање став 3 поднесен од пратениците Рами Туда и Зеќир Кадриу.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (7)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 39 за додавање став 3 поднесен од пратениците Рами Туда и Зеќир Кадриу.

II/3

Отворам претрес по амандманот на член 39 став 2 поднесен од пратениците Сали Рамадани и Рами Туда.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

Има соодветно решение од ЗПК кое што го прифативме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (7)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 39 став 2 поднесен од пратениците Сали Рамадани и Рами Туда.

Отворам претрес по амандманот на член 40 став 2 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Има збор г-дин Стојановски, предлагач на амандманот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Во член 40 стои дека при изборот на судиите не смее да има дискриминација во однос на полот, расата, бојата на кожата, националното и социјално потекло, политичкото и верско уверуваше имотната и општествената положба.

Во ставот во кој што барам промена стои: "при изборот на судиите без да се нарушат критериумите ќе се настојува да се обезбеди соодветна застапеност на националностите". Амандманот практично сака оваа колизија да ја избегне. Во претходниот став стои дека не треба да има дискриминација. Со вториот став практично се создава дискриминација. Амандманот е да во вториот став покрај горенаведените квалификации се земат во предвид моралните квалитети, професионалната компетентност и искуството во дотогашната работа, а останатиот текст да се избрише.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор ? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (1)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 40 став 2 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Отворам претрес по амандманот на член 40 став 2 и за додавање нов став 3 по став 2 поднесен од пратениците Насер Зибери, Газменд Ајдарага, Назми Малиќи и Исмет Рамадани.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (7)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 40 став 2 и за додавање нов став 3 по став 2 поднесен од пратениците Насер Зибери, Газменд Ајдарага, Назми Малиќи и Исмет Рамадани.

II/5

Отворам претрес по амандманот на член 40 за менување на став 2 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 41 став 1 поднесен од пратеникот Никола Г. Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 41 став 2 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 43 став 1 и 2 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 43 став 3 поднесен од Комисијата за политички систем.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали бара некој збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 43 став 3 поднесен од Комисијата за политички систем.

Отворам претрес по амандманот на член 43 за бришење на став 4 поднесен од пратеникот Никола Г. Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор.

Господин Поповски.

**НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ:**

Иако став 4 на член 43 на некој начин може да се толкува дека ги става во повластена ситуација во однос на другите кандидати редовните или вонредните професори кои предавале повеќе од 10 години правен

предмет сврзан со судската пракса. Овој амандман јас го толкувам, овој став го толкувам како рестриктивен за овој вид на занимање, затоа што да се стекне можност 10 години да се предава правен предмет треба сигурно повеќе од 12 години работен стаж. Што значи дека не би требало овој вид на занимање да ги имаме како негативна дискриминација во однос на сите, останати иако може да се толкува на прв поглед и како позитивна дискриминација, сепак мислам дека е негативна.

Затоа барам амандманот да се поддржи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Поповски министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Очигледно намерата е добра, меѓутоа треба еден логичен превид со оглед на условите за да се биде судија, тоа е еден од нужните услови е да има правосуден испит. Овие професори не мора да имаат правосуден испит положен, може да имаат докторат да се вонредни или редовни, што значи дека е позитивна дискриминација и не е направена грешка во предлогот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (3)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 43 за бришење на став 4 поднесен од пратеникот Никола Г. Поповски.

II/8

Отворам претрес по амандманот на член 45 став 1 и за менување на став 2 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 46 поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Предлагачот го> повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 46 став 1 поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Предлагачот го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 50 за менуваше на став 1 поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагачот го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 50 став 2 и на член 69 став 2  точка 3 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 50 за бришење на ставовите 3,4 и 5 поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Предлагачот го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 52 став 2 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 53 за додавање нов став по ставот 1 за менуваше на став 2 поднесен од пратеникот Владимир Станковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Станковски

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, во членот 53 е дефинирано дека судиите треба да бидат соодветно облечени со тога. Мојот предлог, мојот амандман се состои во тоа, имајќи во предвид дека просториите за судење во државата се простории кои не се адекватни и

не личат на судници, го поднесов овој амандман со тоа да му дадам можност на министерот преку акти да ги стандардизира просториите каде што се обавува судењето и просториите да бидат дефинирани како ентериерот, изгледот, внатрешноста, позицијата на поротата, позицијата, судијата, позицијата на обезбедување, функцијата, движењето на судијата и се што е врзано со процесот на судењето. Со тоа мислам дека ќе го вратиме или ќе дадеме можност на судиите и тие што се судени со достоинство тој чин да се обавува.

Мојот предлог е покрај тоа што судиите ќе бидат прописно облечени со тога и просториите да бидат соодветно дезинирани и да бидат на тој начин и уредени на некој начин да одаваат белег на држава и просторија каде што се обавува чин на судење.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Министерот за правда Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Само да појаснам, намерата е апсолутно добра и убава. Станува збор за материја што се регулира со судскиот деловник и таа таму е до крај стандардизирана. Се разбира водејќи сметка и за можностите. Само од тие причини сметавме дека во законот за судовите не треба да има член кој што ќе ги определува елементите на судницата или на судската просторија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, значи суштината не е спорна, туку со друг акт и ти предлагаш со друг акт. Тоа не мора да биде во законот.

Амандманот го повлекува г-дин Станковски

Отворам претрес по амандманот на член 54 поднесен од ЗПК.

Ваков амандман Владата на РМ поднесе, и е составен дел на текстот на Предлогот на законот поради што е беспредметно да се води претрес.

Го молам предавникот на Комисијата да се изјасни.

Комисијата го повлекува амандманот.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Со овој амандман на Комисијата во текстот што е определен се согласи претставникот на самата комисија, а текстот останува во Законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Затоа сега амандманот не треба да го претресуваме.

Да, да, да се разбира затоа е овде сега беспредметно да расправаме. Затоа и го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 55 поднесен од Комисијата за политички систем.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот, амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 55 поднесен од Комисијата за политички систем.

Отворам претрес по амандманот на член 56 за бришење на ставовите 1 и 2 поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ .

Предлагачот го повлече амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 56 за бришење на ставовите 1,2 и 3 поднесен од пратениот Никола Г. Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Г-дин Поповски предлагачот на амандманот.

**НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ:**

Имам впечаток дека членовите 57 и 58 дефакто ги содржат ставовите 1,2 и 3 од членот 56 и дека нема потреба од вака стриктно регулирање на оваа работа во самиот закон, а особено што во став 1 ако се толкува стриктно сумите кои вршат работа во одделенијата согласно член 28 на законот толкувајќи го стриктно првиот став треба да ги пратиме на место на живеење во седиштето на судот на пример одделението од Демир Хисар, во Битола е сдиштето и н. Затоа мислам дека е подобро да се регулира тоа со подзаконски акт ,а да не стои тука затоа што во член 57 и 58 произлегува тоа право што овде се дава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор?

Министерот за правда г-дин Поповски

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Членот 56 во целина и 57 и 58 кои што произлегуваат се од компаративното право, практично еден стандард кој што е пренесен кај нас и сметаме дека е важен за да може да уредува односи по исклучок, а правилото е содржано во ставот 1.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (5)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 56 за бришење на ставовите 1, 2 и 3 поднесен од пратеникот Никола Г. Поповски.

Отворам претрес по амандманот на член 56 став 5 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

III/1.- ЛП/ЉР

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 60 став 1 поднесен од пратеникот Никола Г. Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Никола Г. Поповски, предлагач на амандманот.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас би сакал да добијам образложение зошто не се прифаќа амандманот, заради тоа што ставот 1, годишни одмори, може да претпоставува дека судот е на годишен одмор како суд, а не се однесува на вработените во Судот што се посебна категорија од институцијата Суд. Мислам дека зборчето вработените во судот детерминира дека тогаш се користат годишните одмори на вработените, а судот продолжува да ја извршува функцијата. Доколку остане дека годишните одмори во судовите траат, се подразбира дека институцијата дефакто е на годишен одмор, тоа е малку нелогично. А во став 2 се уредува дека и во тоа време работи институцијата суд со намален број вработени распоредени во периодот од 15 јули до 1 септември.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор.

Има збор Министерот Владо Поповски

III/2.-

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Имено, членот 60 востановува годишен одмор и на судиите од 15 јули до 1 септември со нужно дежурствто заради обавување на оние и тие неодложни работи што се содржани во ставот 2. Од тие причини, не може да се прифати додавката за вработените, тогаш се однесува само на вработените. А инаку, судиите не се вработени, но во случајот 15 јули - 1 септември се однесува и на судот, на судиите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор ? (никој)

бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Кој е за, молам да крене рака. 3 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 60 став 1 поднесен од пратеникот Никола Поповски.

Отворам претрес по амандманот на член 60 став 3 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 65 став 3 поднесен од Законодавно- правната комисија, а исто таков амандман има и пратеникот Никола Г. Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот од двајцата предлагачи се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 68 став 1 и за бришење на став 2, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор ? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 68 став 1 и за бришење на став 2, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Отворам претрес по амандманот на член 6 9 точка 2, поднесен од Комисијата за политички систем.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 78 став 2, поднесен од Комисијата за политички систем.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор ? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 78 став 2, поднесен од Комисијата за политички систем.

Отворам претрес по амандманот на член 79 став 2, поднесен од пратеникот Никола Г. Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Има збор пратеникот Никола Поповски, предлагачот на амандманот.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ;**

Уставот на Република Македонија дефинира кога граѓанин на Република Македонија е припадник на националност, а кога не е

припадник на националност, затоа што едно е терминот националност по припадност на националност, а друго е национална припадност. Националната припадност може да биде и на националност и на македонската нација или народ. Мислам дека тоа на некој начин е техничка редакција.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор ? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласаше. Кој е за, молам да крене рака.

Четири пратеници гласа "за".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 79 став 2 поднесен од пратеникот Никола Г. Поповски.

Отворам претрес по амандманот на член 79 став 4, поднесен од Комисијата за политички систем.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор ? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (никој).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 79 став 4 поднесен од Комисијата за политички систем.

III/6.-

Отворам претрес по амандманот на член 9 2 став 2, член 94 став 1, член 95 став 1, член 96 став 1, член 97 став 1, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 93 поднесен од Законодавно -правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 94 став 1 поднесен Од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор ? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (никој)

III/7.-

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 94 став 1 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Отворам претрес по амандманот на член 104 став 1 точка 1 поднесен од Законодавно - правната комиси]а.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 105 за додавање на нов став 2 поднесен од Комисијата за политички систем.

Ваков амандман поднесе Владата на Република Македонија, кој е составен дел на текстот на Предлогот на законот, поради што е без предметно да се води претрес.

Го молам претседателот на Комисијата да се произнесе?(се согласува).

Според тоа, нема основа за претрес.

Отворам претрес по амандманот на член 106 став 1 поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г динот Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 109 поднесен од Законодавно - правната комисија и Комисијата за политички систем.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 111 став 1,2,3 и 4 и за бришење на став 6, поднесен од Законодавно - правната комисија

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 111 за бришење на став 3, поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа,

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 111 за менување на став 3, поднесен од пратеникот Мирко Пецов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратеникот Зоран Шапуриќ поднесе амандман на член 111 за бришење на став 4 и став 5, по кој Владата не се произнела.

III/9.-

Отворам претрес по амандманот на член 111 за бришење на став 4 и став 5, поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се. произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот го прифаќаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 111 став 5 поднесен од пратеникот Петре Трајаноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 111 за бришење на став 6, поднесен од Комисијата за политички систем.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на членовите 112,117 став 1,2,3,4 и 5 и член 119 став 2, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа

III/10.-

**СТОЈАН АНАДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 112 за додавање нов став 2 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор ? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (никој) .

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 112 за додавање нов став 2 поднесен од Законодавно- п равната комисија.

Отворам претрес по амандманот на член 112 за додавање на нов став 2 поднесен од пратеникот Љубомир Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 117 за додавање на нов став 5 поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес на член 119 став 1 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 120 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во меѓувреме пратеникот Мевљан Таири поднесе амандмани на член 29 за додавање нова точка 4; член 29 точка 1, а пратеникот Томислав Стојановски поднесе амандман на член 43 став 2, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 29 за додавање точка 4, поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Ве молам, сега го добив текстот, да го погледам.

Не се прифаќа овој амандман.

III/12.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Мевљан Таири, предлагач на амандманот.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Г-динот министер вчера од своето излагање речиси ме убеди дека навистина нема потреба од основање апелационен суд за подрачјата Гостивар, Дебар, Тетово, Кичево и не знам каде. Но мајки го предвид сето тоа што се одвиваше вчера, не можам сега навистина да разберам како може да се одбие едно вакво барање.

**ВЛАД0 ПОПОВСКИ**: (од место)

Од министерот можете да разберете.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Добро, од министерот можам да разберам, но барам тогаш од Парламентот исто како што кревавте рака за се друго што се бараше, и сега да се изгласа овој амандман, затоа што неразбирливо ми е за се штос е бараше тука така широкоградо да се настапува, се формираат судови секаде каде што се бараше, нови одделенија, не водејќи притоа сметка дека се проширувaат трошоците и издатоците на државата, се за тоа да се умилкува на избирачите или не знам кому таму, така што и сега мислам дека би било сосема вред да се прифати ова барање и да се основа апелационен суд за овие подрачја. Во спротивно, навистина ќе бидам убеден дека вчера г-динот Мерсел Биљали имаше право во своето нагаѓање дека се работи за тенденциозен настап во овој случај.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Има збор министерот за правда Владо Поповски.

III/13.-

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Предлагачот навистина нема причина да ми замерува, јас на сите предлози за кои сметав дека нема аргументи до крај останав на својата аргументација. Од тие причини, повторно сакам да кажам дека аргументација за четврти апелационен суд, по основа на предметите, нема. Претпоставката дека тоа може да се толкува како тенденција во смисла на недоверба, како што г-динот Биљали кажа, јас вчера дадов објаснување на тој момент, само да повторам дека во политиката на Владата и во политиката на Предлогот на законот нема ниту трага од тој момент, од проста причина што концепцијата на судската надлежност е симната на основни судови и што во делот во кој се предлага да функционира апелационен суд има четири големи судови со комплетната судска надлежност и решавањето на сите права и слободи и законски признатите права без лимитот, од најдолната до најгорната граница, се во надлежност на односните судови.

И вториот момент дека не постои никаква тенденција, укажав дека практично, со оглед на политиката на избор на судии, која што сметам дека ќе продолжи со таков процент или со такви меѓусебни договори во рамките на Парламентот, дека ќе продолжи, дека ќе биде израз на искажување на довербата на македонците кон албанците и на полето на судството.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Мевљан Таири, предлагач на амандманот.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Добро, јас го прифаќам тоа што е став на министерот, но министерот сметам дека треба да се прилагоди на ставот на

Собранието. Ако Собранието ја проширува мрежата, сметам дека треба да се прифати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Хисен Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитувани колеги, независно од судбината на амандманот и на вашата одлука каква ќе биде, сакав да го кажам следното:

Очигледна е нерамномерност во распределбата на второстепената надлежност на судството во овие три центри во Републиката. Мислам дека тоа е неспорно, не треба да се дискутира, можеме да најдеме причини вакви или онакви. Очигледно е дека рамномерноста би била пообезбедена доколку се направат четири судови и притоа еден во Западна Македонија. Јас не сакам да прејудицирам со никакви сомневање , ни предубедувања, ни оптоварувања, меѓутоа за граѓаните па и за судовите би било многу поолеснително еден апелационен центар, ако така сакаме да го наречеме, значи еден повисок суд од втор степен да се доближи поблиску до судовите како што е Тетово, Гостивар, Кичево, Дебар, можеби и Струга итн.

**ХИСЕН РАМАДАНИ**: (продолжение)

Мислам дека е неспорно ако денеска не успееме тоа да го направиме, јас мислам дека останува отворено прашањето при една измена и дополнување на Законот тоа да го направиме. Ве молам, без прејудицирање. Секој облик на прејудицирање не води на друго размислување кое не е во наша добивка. Но, направивме еден друг чекор во текот на оваа седница. Направивме неколку преседани, опростете што ќе се изразам така, за некои случаеви се дури нелогични. Во таа димензија на споредливоста на логичноста измеѓу тие што ги направивме и ова сега што се предлага, мислам дека е помала дистанца би бил голем политички потез и достигање доколку овој амандман биде сега прифатен. Предупредувам и да не биде останува отворено и во што е можно поскор рок, поскоро време ова треба да се постигне. Предлагам тоа да биде денеска, затоа што тоа би бил голем поен и политички, а да не зборувам за судската власт во целина, во прилог.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Вангелов.

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ:**

Дека направивме вчера многу преседани на сите добро ни е јасно дека со тие преседани беше доведена структурата на самиот закон во еден важен сегмент кој се вика "судска мрежа". Сега имаме една ситуација дали да одиме до крај со преседани или има некоја граница самиот институт "преседан". Лично мислам ако се направи еден

преседан не би можело тоа да се доведе на степен на правило затоа што во тој случај се заканува голема опасност во целина да се доведе во прашање еден системски закон, каков што е законот за судството. Од друга страна тоа значи дека на тој начин ние изразуваме комплетна недоверба кон едно исто така комплетна и стручна долготрајна работа вршена од компетентни луѓе со специјализирани знаења и способни тоа да го направат во таква форма во која нам ни се нуди.

Точно е дека вчера имавме една помалку емоционална ситуација со не многу добри последици кои натаму ќе видиме и во кои обем и до што ќе доведат. Меѓутоа, самата ситуација на преседани не треба да се генерализира и врз основа на тоа да се дава апел до пратениците да легитимираат една ситуација на преседаните. Јас сум еден од тие кој гласаше против сите тие преседани, тука ми е сведок еден пријател кој го нема меѓу пратениците г-дин Нано Ружин, кој седи до мене, гласав и против неговиот амандман и тоа ме обврзува и натаму да гласам против преседани, затоа што сум уверен дека овој закон е правен од компетентни стручњаци кои ние туку така не можеме со адхок проценки да поминуваме во неговата изворна форма. Ви благодарам на вниманието и би молел да не подлегнуваме на преседани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Ајдарага.

IV/3.-

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратени, со големо внимание ја следев дискусијата на претходниот дискутант и можам да кажам дека во голема мера сум убеден дека така треба да се постапува, меѓутоа, ќе бев уште повеќе убеден ако таквата дискусија следеше вчера кога се правеа преседани. Ме чуди како сега кога станува збор за нас од националностите како што е запишано во Уставот, па се прави ова прашање. Затоа што ние сега го подигаме ова прашање, па бараме апелационен суд да има во Тетово, односно Гостивар и сега не може да има преседан. Вчера можеше да има преседан, денеска ние бараме нема преседан. Каде е нашата совест? Убаво беше речено тука дека законот е подготвен од компетентни личности. Сосема го поддржувам тоа и така се носев со таква идеа , иако и јас бев потписник на одредени амандмани кои барав да бидат уврстени во овој закон. Меѓутоа, сега воопшто дури не јавно и вчера кога излегоц од седницата реков дека направивме една таква работа која не доликува на ова Собрание, како што го нарече претседателот на Турција "место каде се донесуваат важни одлуки". Дека е тоа Парламентот. Ваква работа може да ни се случи и ако ни се случи ова да не помине, тоа може да ни се случи само нам, па нека ни е на чест.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Кадриу.

**ЗЕЌИР КАДРИУ:**

Дами и господа пратеници, г-дине претседателе, јас пак ќе кажам два-три збора во врска со последните предлози и амандмани што ги доставивме и кои не минаа во овој Парламент. Убеден сум дека и колку

да инсистираме ништо не ќе можеме во овој контекст да направиме, мислам ако тие стручњаци што го подготвиле овој закон и како таков однапред имале предвид дека градовите Тетово, Гостивар, Дебар, Кичево и ред други работи во Западна Македонија не би требало да имаат апелационен суд, тогаш нека им биде на чест. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-дин Трипуновски.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, моето размислуваше ќе биде малку поинакво, меѓу прашањето вие и ние, јас како претставник од општина Тетово го прифаќам предлог - амандманот за апелационен суд во Тетово или Гостивар, соодветно од можноста на начинот на организирање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(18 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 29 за додавање точка 4, поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Отворам претрес по амандманот на член 29 точка 1, под- несен од пратеникот Мевљан Таири. (Овој амандман пратеникот го повлекува).

Отворам претрес по амандманот на член 40 став 2, поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

IV/5.-

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Почитуваниот пратеник Мевљан Таири поднесе амандман во ставот 2 од членот 40 зборовите "ќе се настојува да се обезбеди" да се заменат со зборовите "се обезбедува". Консеквенциите на оваа формулација значат апсолутна квота априори пропишана за составот на судовите, веројатно во однос на , бидејќи не е кажана базата во однос на пропорцијата во населението, мислам дека таква консеквенца почитуваниот Мевљан Таири не имал предвид, ако имал предвид ако случајно ја имал токму таквата консеквенца, тогаш таков стандард не постои никаде во светот надвор од стандардите на судството бидејќи судството не се структурира за да биде инструмент на националностите , тоа е институција на граѓаните.

Второ, ако можеме да замислиме да се усвои овој амандман што ќе предизвика задолжителна пропорција, тогаш ќе треба да се избираат судии без правен факултет, а уште повеќе и без правосуден испит, со оглед на јуристичкиот потенцијал кој националностите го имаат, споредено во однос на пропорциите во населението. Сметаме дека основното решение е сосема доволно во однос на став 1, означува позитивна дискриминација и мислам дека практично на планот на самата пракса на избор на судиите тоа функционира извонредно и мислам дека тој извонреден тренд ќе се задржи како израз на позитивен однос кон судиите од која и да е националност, особено од националностите кои немаат доволен број на судии во судскиот состав.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Таири го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 43, став 2 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

IV/6.-

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот е некоја математичка средина и бара помеѓу условите за избор на судии во основен суд, апелационен и врховен и навистина ова како чисто техничка математичка средина повеќе одговара, но суштински не менува од 9 на 8 да се симне, остануваме на основниот текст, не го прифаќаме амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Има збор г-динот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ако образложението на министерот дека е се во ред, сметам дека точно со 8 години се создава една поширока кадровска база за еден поквалитетен избор. Зошто да не го усвоиме? Наместо 9 години условот да биде судија, да биде 8 години на апелационен суд. Имаме една поширока база со која практично ги поткрепуваме сите претходни критериуми на неколку членови кои одат во континуитет.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас мислам дека сепак не е само математичка операција и многу нема да ја измени положбата, но ќе ја подобри сигурен сум, ако се усвои амандманот. Во смисла на тоа што автоматски се создава поширока кадровска база за избор на кандидати, се проширува кругот на можностите за претендирање на тоа место од причина што се симнува границата за една година и се овозможува на оние кандидати кои евентуално имаат интерес да се јават на огласите да можат тоа да го направат и со 8 години работно искуство. При тоа можноста што при ваквото решение не се завлегува многу во тоа луѓето кои треба да ја

обавуваат оваа функција имаат и соодветно искуство од 8 години визави 9 години потребно за успешно извршување на оваа функција. Мислам дека предлагачот би требало да го акцептира овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(27 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 43 став 2, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Во меѓувреме ви се поделени уште амандмани.

Отворам претрес по амандманот на член 111 став 5. Текстот ви е познат, поднесен од пратеникот Наќе Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**ВЛАД0 ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Мораме малку да причекаме да се подели уште еден амандман. Отворам претрес по амандманот на член 65 став 3, поднесен од пратеникот Панчо Минов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа од проста причина што го проширува имунитетот на уставната одредба и оневозможува кривична постапка во случај на судиите.

IV/8.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитуван пратеници, ќе го образложам овој мој амандман од таму од каде заврши г-дино министер, дека со овој амандман кој значи дека судијата не може да биде притворен, амандманот се однесува проширено дека ниту против него да се води кривична постапка. Господинот министер зборува дека тоа ќе ја оневозможило кривичната одговорност на судиите, што не е точно, бидејќи ова е процесен имунитет. Во процесната кривична постапка едно привилегирано право на судиите кое важи, според Уставот и за пратениците и за јавните обвинители, за кои одлучува Собранието, се воведува вакво имунитетно привилегирано право во процесната кривична постапка пред воведување на постапката во текот на целокупната кривична постапка за овие лица, конкретно за судиите од аспект не како личности, туку од аспект на функцијата што ја вршат и статусот и улогата на судовите претходно одобрение за водење на таа постапка да даде Собранието на Републиката.

Само да кажам дека е прифатен амандманот од ЗПК кој помина со минимално мнозинство и како некој валиден факт не треба да се земе и јас амандманот го поднесов со едно извинување дека за ова прашање, да направам една споредба, сите компетентни правосудни органи почнувајќи од Врховниот суд, Окружниот суд, Републичкиот судски совет, професорите што се бават со уставно право на Правниот факултет сметаат дека се работи за целосен имунитет. Тоа значи дека се однесува претходната постапка, односно претходното одобрение за да се поведе кривична постапка и за целото водење на кривичната постапка претходно одобрение дава Собранието. Така е во целиот свет на

развиената парламентарна демократија освен во Америка и ние ќе бидеме втора таква држава каде вака рестриктивно се однесуваме спрема имунитетите права.

V/1.-НН/МЛ

**ПАНЧО МИНОВ: (**ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Само да кажам дека во многу кривични постапки не може да се одлучува за притворот без кривична постапка. Значи, едното со друго во многу кривични предмети се содржани во кривичната постапка и мерката притвор.

Уште едно образложение ќе дадам. Овде не се работи за некоја кривична неодговорност, туку само едно, во процесната постапка едно привилегирано имунитетно право, да претходно одлучи Собранието на Републиката. Инаку овој член во делот на одговорноста ги ослободува судиите, таква адекватна аналогна одредба има и за пратениците во член 64 од Уставот, од било каква одговорност во однос на мислење и одлучување во донесувањето на судска одлука.

За мене не е надминување на уставното решение ова додатно право, или право кое веќе во предлогот на министерот и на Владата беше содржано, бидејќи членот 100 го регулира имунитетот на судиите кажува дека судиите само имаат имунитет, став 1.

Став 2 кажува дека за тоа одлучува  Собранието. Јас за- тоа бев должен и како претседател на Комисијата за мандатно - имунитети прашања за ваквото решение да одлучи Собранието. Мислам дека заслужува внимание бидејќи со ова се регулира статусната положба во евентуални кривично постапки на сите судии и ќе повторам сите правосудни судски органи се имаат произнесено дека се работи за целосен имунитет, што значи и за притворот и за кривичната постапка претходно одобрение треба да даде собранието на општината. Виза ви таквата усогласеност на тоа за каков имунитет се работи, сега ќе направам една споредба од предлог на Министерството кое е извршна власт и од Влада да се ограничи едно такво право и една таква статусна гарантирано привилегирана положба што не е заради личности на тие судии, туку заради функцијата и улогата што судиите и судовите ја вршат

V/2.-

во остварувањето на судската власт. Предлагам овој амандман Собранието да го усвои.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Согласно членот 51 од Уставот на Република Македонија каде во ставот втори кажува дека секој е должен да го почитува Уставот и законите, па така и Собранието треба да го почитува Уставот и законите и согласно на членот 64 од Уставот на Република Македонија став 1, 2 и 3 каде во суштина и формално и материјално јасно го дефинира имунитетот во Република Македонија, а под обавуваше на функции под имунитет спаѓаат пратениците, Републичкиот судски совет, Уставниот суд, претседателот на Републиката, Владата, членовите на Владата и тн., утврдени со Уставот и во членот 64 еднаш го дефинира Уставот имунитетот и повеќе никаде не го редефинира во било која друга функција која ужива имунитет.

Поаѓајќи од одредбите на членот 64, бидејќи во Републиката доста време се, расправа за ова прашање, фактички за отворениот проблем за поведувањето на кривични постапки на судиите еднаш за секогаш Собранието треба да го разреши тоа прашање. Јас ќе се обидам да дадам образложение во врска со членот 64 каде во суштина материјално го дефинира имунитетот на сите оние носители на функции.

Поаѓајќи од членот 64 пратениците уживаат имунитет, пратеникот не може да биде повикан на кривична одговорност или да биде притворен за искажано мислење, или за гласање во Собранието. Пратеникот не може да биде притворен без одобрување на Собранието, освен ако е затечен во вршење на кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку пет години. Во суштина Уставот дефинирал два вида на имунитет. Едниот е материјален имунитет а другиот е процесуално правен имунитет или процесуално правен идентитет.

V/3.-

Под материјален имунитет фактички станува збор за обавување на функцијата и во врска со вршењето на функцијата и на суди- јата и на пратеникот и на Владата и на сите носители на тие јавни функции за искажани мислења или за обавување на дејствија кои се во согласност на службата, тоа е дефакто материјалниот имунитет и тој имунитет го штити носителот на јавната функција заради самостојно и независно вршење на својата функција во самостојното одлучување и обавување на својата функција.

Под ставот 2 пратеникот не може да биде притворен без одобрување на Собранието, освен ако е затечен во вршење на кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку пет години, кое во суштина Уставот го дефинирал за сите носители на јавни функции. Тука станува збор за процесно правниот идемнитет или процесно правниот имунитет. Тоа значи дека секој носител на функција во Република Македонија не може да биде притворен доколку не биде фатен во вршење на кривично дело за кое може да се изрече казна најмалку од пет години. Тука во суштина не станува збор за материјалниот имунитет во врска со вршењето на функцијата. Тука станува збор за процесниот имунитет на носителот на јавната функција за да може да си ја обавува својата функција, освен ако е затечен во вршење на кривично дело за кое може да се изрече најмалку казна од пет години.

Поаѓајќи од тие основни постулати на Уставот каде јасно го дефинира фактички имунитетот во Република Македонија, не му дава за право на ниеден носител на јавна функција кој како граѓанин ќе стори кривично дело за против него да не се води кривична постапка и судот да не може да му изрече казна. Единствена заштита на тие носители на јавни функции кои имаат имунитет, имунитетот се однесува заради обавување на својата функција и процесно правниот  имунитет или

идемнитет, да не може да биде притвоен доколку не станува збор за кривично дело за кое може да се изрече казна не помалку од пет години. Тоа пак во врска со вршењето на својата функција која ја има како јавен функционер, како носител на својата функција.

Па, оттука сметам дека целата расправа во Република Македонија, а и поднесените амандмани се надвор од уставните рамки и го кршат Уставот кога ние на тие носители на јавни функции дефакто им даваме екстериторијалност, односно за нив да не важат законите во Република Македонија. Тоа е и спротивно на членот 9 каде што кажува дека сите граѓани во Република Македонија се еднакви пред Уставот и законите.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Вака мисли и го чита господинот Туше Гошев. Јас уште еднаш ќе повторам. Не значи екстериторијалност како тој вели дека за одредена категорија, конкретно судии не важи Уставот и законите. Не значи како што тој вели дека кривична одговорност ќе нема за судиите. Повторувам. Ова е процесна имунитетна привилегија во водењето на кривичната постапка но претходно одобрение да даде Собранието, што не значи кривична одговорност. Сега ќе го споредам уште еднаш мислењето на претставниците на Врховен суд во расправата во Комисијата за мандатно - имунитети прашања виза ви читањето на Уставот од господинот Туше Гошев.

Првиот став од член 64 каде што вели дека пратениците имаат имунитет аналогно важи и за судиите, таму значи процесно имунитетни права. Вториот став, каде што вели дека пратениците не одговараат за искажано мислење и даден глас на одлучување во донесувањето на одлуките на Собранието, таму веќе имаме кривична неодговорност за пратениците од функционален аспект, што ја обавуваат функцијата. А

ставот 3 каде што вели дека не можат да бидат притворени за кривични дела ако не се фатени на лице место за кривично дело за кое е предвидено казна..., тоа е исклучок како што и секој закон, така и Уставот, бидејќи ова е уставна категорија го регулира имунитетното право, предвидува исклучок. Одредбата за притворот кое ја спомнува господинот Туше Гошев се однесува за исклучок во имунитетните права, додека не како процесен имунитет при привилегија. Тоа е регулирано во ставот, пратениците, аналогно и судиите имаат имунитет.

Мене ме чуди да и Министерството за правда имаше некој поинаков однос спрема ова прашање, сега гледам еволуирање по тоа прашање. Јас во секој случај оповргнувам контра аргументи на кажувањата и тумачењеата како претходниот дискутант го изнесе неговото читање на Уставот и предлагам виза ви она што значи усогласено мислење кај сите правосудни органи по ова прашање дека се работи за целосен имунитет и дека претходното одобрение од Собранието на Републиката треба да ,се однесува како на мерката притвор, така и на водењето и целокупната кривична постапка. Предлагам Собранието уште еднаш да се изјасни и да го усвои предложениот амандман.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Ќе се обидам поедноставно да го објаснам ставот 2 од членот 65 поврзан со ставот 1 од Уставот. Укажува дека судијата нема кривична одговорност за вршењето на својата функција како судија.

Втората ситуација е како граѓанин кога ќе направи кривично дело. Според Уставот се гарантира тој да не може да биде притворен освен за дело за кое е предвидена казна затвор над пет години и ако е фатен на дело.

Во случајот на законот за судовите е додадено дека како граѓанин ако направи кривично дело не може да се води ниту кривична постапка, што сметам дека е излегување надвор од рамката на имунитетот утврден со Уставот и укажува на следното.

Останувањето на основниот текст или прифаќањето на амандманот ќе значи дека судијата не само што не ќе може да биде притворен, туку против него не ќе може ниту да се води кривична постапка ако направи кривично дело.

Прво, ако не биде фатен на дело и за казна повисока од пет години, а ако биде фатен на дело за казна пониска од пет години, во тој случај не ќе може ни притвор ни кривична постапка. Бидејќи станува збор за судија кој што посебно треба да има углед за вршење на функцијата судија и каде што поимот достоинство е поврзан со углед и со доверба на граѓаните во неговиот углед е конституента на статусот на судијата, сметаме дека ова проширување на имунитетот е контрапродуктивно на позицијата, на карактерот на службата и на потребниот углед што тој треба да го има. Во исто време се одбегнува арбитрерноста на едно тело надвор од судството или на арбитрерноста на првата власт во однос на судската власт, тогаш кога претставникот на таа судска власт очигледно направил кривично дело. И граѓанството знае за тоа. Затоа треба да не се прифати амандманот на господинот Панчо Минов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор бара господинот Панчо Минов, меѓутоа ова прашање е спорно да не ни го блокира законот сега. Друг пат ќе го распра- виме по други прашања или ќе го дополниме овде.

V/7.-

**ПАНЧО МИНОВ:**

Јас сакам да го прашам министерот кои беа причините кога ја предложи оваа одредба во член 65, бидејќи нивни предлог е. Стои Влада на Република Македонија, министер Владо Поповски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Минов останувате ли на амандманот?

**ПАНЧО МИНОВ:**

Да.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (20 пратеника).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 43 став 2, поднесен од пратеникот Панчо Минов.

Молам, дали има уште амандмани? (Нема).

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на законот и ве молам пред да минеме на гласаше да се утврди точниот број на присутни пратеници во салата и да се повикаат сите пратеници кои се негде тука околу.

Пред да го дадам законот на гласање, пред да преминеме на гласање да ве потсетам на условите а и на некои деловнички одредби.

Прво, се разбира сакам да потсетам дека за донесување на овој закон е потребно двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Сакам да ве потсетам дека ова е толку важен закон да ако има било каков проблем, или сомневање во изгласувањето било која пратеничка група, добро е тоа да го соопшти, според Деловникот како имаме точка, пред гласањето.

Дали некоја од пратеничките групи има потреба да соопшти дека има некој проблем во гласањето или има мотив да соопшти за гласањето по законот.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Малку невообичаено, друг пат не ни се давала таа можност, не ни се укажувало многу да го имаме тоа право, сега ни се даде тоа право, па јас во име на Пратеничката група на Партијата за демократски просперитет ќе кажам дека преседани се направија, не успеавме да ве убедиме. Исто така можам, на жалост да кажам дека не успеавте и вие нас да не убедите дека донесувате закон кој што заслужува да биде поддржан. Затоа нема да го поддржиме овој закон.

(Од место господинот Коцевски бара пауза).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Коцевски што е?

(Од место господинот Коцевски бара пауза).

Пауза до ѕвонењето на ѕвоното.

(Пауза од 13,50).

(по паузата)

Седницата продолжи со работа во 19,5 часот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Констатирам дека мнозинството на пратениците се присутни во салата и Собранието може полноважно да одлучува.

Пред да преминеме на гласање да Ве потсетам дека за донесување на овој закон е потребно двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој се за молам да крене рака? (81 пратеник гласаа за).

Дали е некој против? (7 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеници).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за судовите. (Аплауз)

Дозволете ми бидејќи сега овде се работи за исклучително

значаен законски проект кој со двотретинско мнозинство се донесува да констатирам дека Собранието со усвојувањето на овој закон всушност ги удри сега темелите на оперативната работа на усогласување на целиот правосуден систем кај нас со одредбите на новиот Устав. Уште еднаш Ви честитам. мислам дека овој е еден од важните датуми во нашата работа.

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на закон за основното образование.

Кој бара збор?

**АБДУРАУФ ПРУСИ:**

Почитувани пратеници, дами и господа ред беше на крај и законите од сферата на образованието да стигнат на собраниска процедура. Меѓутоа мислам дека законот за средно образование не мораше да се стави на дневен ред по скратена постапка. Тоа можеше да се остави и на есен. Мислам дека донесувањето на законите од сферата на образованието се од витално значење бидејќи во зависност од квалитетот што ќе го понудат овие закони зависи општиот развој на Републиката во иднина. Посебно сакам да нагласам дека законот за основно образование претставува базамент за остварување на понатамошната едукација- Така што квалитетот на стекнатите знаења во оваа фаза е најзначајниот во целокупниот период на едукација на еден човек.

Разгледувајќи го законот за основно образование се наметнува размислување дали е тој најдобро подготвен и кој е квалитетот што го дава се подразбира во однос на постоечкиот што е во сила. Сигурно е дека извесен квалитет е направен во однос на псотоечкиот но недоволно за да овој закон се нарече како напреден во смисла на едукацијата на учениците на оваа возраст. Би дал неколку генерални забелешки на овој закон, ваков каков што ни е понуден од страна на Владата.

Прво, за жал овој закон не предвидува растеретување на учениците од националностите во прво и второ одделение кои по некои политички одлуки пред седум, осум години беа оптеретени со фонд на часови од околу 17% повеќе од своите врсници во овие одделенија. Имајќи ја во предвид возраста на овие ученици мислам дека ова оптеретување влијае на заостанувањето на поголемиот дел на овие

ученици во стекнување на знаењата што се предвидени по наставни програми за оваа возраст.

Второ, не знам која е целта на член 13 со која се забранува верско образование во училиштата кога од многу повозрасни ученици и родители постои заинтересираност за овој вид настава. Мое мислење и сугестија е дека може да се организира верска настава во вид на факултативни предмети необврзувачка и тоа почнувајќи од петто одделение со најмногу еден час неделно.

Трето, мислам дека наставните планови и програми треба да ги подготвува посебна комисија формирана не само во Педагошкиот завод, туку и од страна на Министерството за образование. Ова е нај- виталниот дел, мислам овој дел е највитален дел на овој закон заради тоа што добри наставни планови и програми значат добар квалитет во знаење. Тоа е член 24.

Четврто, иако законот за државните празници не е донесен со сегашните прослави бројот на денови настава од 180 колку што ги предвидува законот е во колизија со вистинската состојба на денови настава. Така што мора да се доработат неколку саботи. Со законот или треба да се намали бројот од 180 , или да е пронајде некоја друга солуција. Тоа се членовите 29 и 30.

Петто, сигурно би било подобро прво одделение да можат да се запишат сите деца кои ќе наполнат 7 години во текот на учебната година, а не на крај на календарската година како што предвидува законот, бидејќи со тоа може да се случи да во прво одделение се запишуваат деца со приближно 8 години возраст, а тоа навистина е премногу по мое мислење. Тоа е член 40.

Друго, запишувањето во прво одделение да не се ограничува само во месец мај, туку и во месец август, односно може да се одреди и точен

датум од 20 до 31 август, бидејќи од оправдани причини многу деца не можат да се запишат во тој месец. А ако евентуално во месец мај не се запишат, тогаш што со тие деца, дали треба да чекаат уште една година?

Со членот 58 не се предвидува ништо ако наставничкиот совет на училиштето не ја уважи оправданоста на приговорот на ученикот ако не е задоволен со оценката. Мора да постои барем уште една инстанца каде родителот, или старателот можат да поднесат приговор, а по кое мислење треба , по мое мислеше треба да е Министерството кое и ќе формира комисија и тоа посебна комисија за испитуваше и тоа само од наставници исклучиво од друго училиште. Тоа се воглавно овие забелешки кои што ги дадов. Јасно дека поддржувам и одредени забелешки кои што беа дадени од претходните дискутанти, меѓутоа во интерес на времето ајс нема смисла да ги доставувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој бара збор?

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Исто така ги поддржувам законите, овие два за образование. Мислам дека и овој за основно образование прави извесни чекори во однос на модернизација на организацијата и се надевам и процесот на наставата. Бидејќи тоа е уште предлог за донесување, имам две забелешки во однос на Предлогот за донесување.

Првата забелешка се однесува на задачите што им се ставаат на остварување на органите на управување на стручните органи. Имам впечаток дека законот премногу инсистира на законските и на организационите форми и задачи во овие органи, а малку имаат задачи,или

VI/5.-

никакви во областа на воспитанието и образованието. Мислам дека состојбата ни е таква во поширок дел на образованието, но особено во основното. Па можеби треба да се каже, во дел на основното образование дека треба многу повеќе внимание да му се посветува и во самото законско нормирање на квалитетот на работата во самиот процес образовен и воспитен. Сите анкети покажуваат при полагање на испити, а и при споредбени анкети со другите системи на образование вод ругите земји, дека се уште Македонија се наоѓа на една незадоволителна лествица во скалата на знанијата на децата што завршуваат основно образование. Да не зборувам дека имаме и одредени нерамномерности внатре во републиката кои што треба сите заедно пред се сите фактори во образованието да се борат за нивно надминување. Затоа предлагам и директорот на училиштето и Училишниот одбор да бидат покрај задолжени јата за спроведување на закон , за донесување на планот за школо и т. и да го следат целиот процес,наставно воспитниот процес преку цела школска година како би тие станале фактори за подобар квалитет во наставата. Тоа исто особено важи и за стручните органи во училиштето каде исто така малку е кажано во законот што треба во таа област да работат, а повеќе е речено како се составени и што се организационо- техничките работи.

Другата моја забелешка е во однос на инспекцијата која што се врши во наставниот процес. Мислам дека и самите школски органи треба да имаат повеќе функција во инспекциската дејност, внатре во школото, особено директорот. Тој не може да биде само фактор кој го реализира законот, пред се тој треба да биде фактор кој што го реализира наставниот програм. Тој треба да биде првиот инспектор во своето училиште, а потоа инспекциските служби, овие што повремено заедно со

него треба да ја контролираат наставата. тоа треба исто да важи и за стручните органи. Меѓутоа, би сакал овде посебно да скренам внимание на еден институт кој е доста запоставен во нашиот школски систем во сите нивоа, а тоа се родителските органи, односно како ги викате, советите на родителите. Мислам дека во низа земји главни инспектори условно речено за работата во образованието се родителските совети. Тие се главниот индикатор што им укажуваат на училишните органи како се одвива наставата во секое одделение и какви резултати има во наставата. Јас знам дека во други земји и родителите се на повисок образовен ниво, меѓутоа ние мораме да го стимулираме тој институт за да биде некој вид самоконтрола во самиот образовен процес.

И на крајот сакам да предложам дека е многу голема дис- танца учителот, односно наставникот секоја втора година да се оценува а да секоја втора негативна оценка има последици по него. Мислам дека тоа е долг период 4 години еден наставник слабо да работи за да се оцени тоа. Мислам дека треба да се оценат секоја година и ако за две години по ред не покажува позитивни резултати за тоа да сноси и последици.

**ДИМЧЕ НАСТОСКИ:**

Г-дине претседателе, господа пратеници, се наоѓаме на донесување на првата фаза на два многу важни закони кои што ако не се со иста важност, тогаш со приближна важност се на оној закон кој што сега го донесовме, бидејќи законите за образованието, за основното и средното образование треба да внесат една новина и треба да потполнат една празнина која настана од донесувањето на Уставот до денес во однос на образованието како процес кој што е многу битен и важен за државата.

Овие два закони посебно законот за основно образование нудат доста новини во однос на начинот на управувањето, начинот на образованието кое што го имаме. Низ комисиската расправа двата закони добија виза како добри реформски закони бидејќи нудат новини во смисла на она што треба да претставува понатаму образованието. Во која смисла ги нудат реформските зафати? Ако видиме само од бројот на членовите кои што ги имаме во стариот закон за основно образование 257 членови каде што до ситници беше нормирано се, а со тоа воедно се ставија многу крути рамки на образованието. Овде се нуди еден сосема нов тип на закон од 122 членови кои што со подзаконски акти дава многу полесно и по безболно да се направи преминот од еден образовен систем кој што го имавме досега во едноумието, така да се рече, кон друг образовен систем во повеќе партискиот систем. Бидејќи сите оние подзаконски акти кои што треба накнадно да следуваат и Министерството кое што треба да ги донесе во рок од една година од донесувањето , или како ќе се предвиди во крајниот текст на законот, ќе видиме? Значи да се дозволи во образованието да се воведуваат нови експериментални видувања на образованието, да се воведе еден нов тип на образование кое што многу полесно ќе се прилагодува кон високите норми кои што ги има европското и светското образование? Треба да се каже дека на комисиите законите поминаа одлични, барем јас во оние две комисии во кои што бев, Комисијата за образование и наука и Комисијата за политички систем и од сите членови на комисиите беше дадено зелено светло тоа е воедно и во извештаите на комисиите, дека има потреба од донесување на законот за основно образование, воедно и од законот за у средно образование и што е побитно дека тие треба да се донесат во две фази, наредната фаза да, не биде нацрт, туку да биде предлог за донесување на закон. Тоа значи да се скрати постапката. И мислам како Собранието тоа ќе го имаме во предвид, бидејќи овие

закони нудат нешто што понатаму треба низ службите на министерството пред се на Педагошкиот завод кој со своите наставни планови и програми кои ги донесува Педагошкиот завод да допридонесат за многу побрз развој на образованието. Ако бараме од овој закон да го ограничуваме и се до ситници да го нормираме, тогаш ќе направиме една голема штета бидејќи многу потешко се менува закон, а многу полесно се менуваат подзаконсктие акти кои што треба да ги носи министерот, или Министерството за образование и физичка култура. Затоа мислам дека со сите оние забелешки кои што беа упатени од страна на комисиите до предлагачот на законот и кои ќе ги има во предвид при правењето на крајниот текст на законот, ќе имаме еден многу современ закон кој што ќе одговара на светските стандарди и норми. Заради тоа овој закон треба да го поддржиме, односно предлогот на законот треба да го подржиме за да можеме во наредната фаза со сите оние забелешки кои што беа дадени во комисиите и сега во собраниската расправа што побрзо да го имаме, бидејќи не очекува стартот на новата учебна година, па би требало да ја дочекаме спремни со новите закони во сферата на основното и средното образование.

**АЛЕКСАНДАР ЈАКИМОВСКИ:**

Потребата од донесување на новиот закон за образование, мислам на законот за основното, а и за средно образование е потребно и тоа од пред повеќе години. Во тој поглед Министерството за образование и Педагошкиот завод изработија повеќе верзии во вид на нацрти и работни верзии кои пред просветните работници поминаа пред неколку години, 3 до 4 години.

**АЛЕКСАНДАР ЈАКИМОВСКИ**: (продолжение)

Меѓутоа, следната верзија на Законот кој е дојден пред неколку денови, не бил пред така да речам педагошката практика, меѓутоа, оваа нова верзија многу не се разликува од претходните. Од тие причини сметам дека содржината на предложениот текст на новата верзија во најголем дел е информирана од педагошката практиката односно училиштата. Имаат свои мислења, сугестии и предлози, кои се доставени до надлежните органи од порано.

Од тие причини предлагам за донесување на законот да се прифати предлогот за донесување на овој закон и да се донесе во две фази. Сметам за двата закона и за основното и за средното образование. Исто така, сметам дека има временска можност овој текст на предлог на законот да се достави до училиштата, па нивните мислења и предлози да се вградат во предлогот на законот, а со тоа да се добие подобар квалитет на одредени одредби од законот.

Втората половина на месец август кога сите наставници се во училиштата, бидејќи тогаш почнуваме со работа има можност да ги погледнеме овие можности и да дадеме одредени сугестии до надлежните органи.

Според тоа не сум за донесување на Законот во три фази, само во две. Што значи дека во предвидениот рок може да се донесе законот и притоа да биде консултирана педагошката практика, со што би се добило во подобра формулација на одредбите на законот.

Законот сметам дека е изработен мошне квалитетно, јасно и прецизно ги дефинира одредбите на сферата на образованието. Овозможува значајни и радикални промени. Промените кои овозможуваат примена на современа наставна технологија каде ученикот би станал главен субјект преку активна истражувачка работа

самостојно да доаѓа до нови знаења, вештини и умеења. Од тие причини со примена на овие современи наставни методи и средства ќе се овозможи и повќексибилно донесување на разновидни подзаконски акти, правилници, упатства и одлуки, решенија од страна на Владата при Министерството за образование односно на овој начин би се решиле доста работи, така што законот нема потреба често да се менува. Т^ка не се најдецидно дадени промените кои настануваат. Меѓутоа, овој закон ќе биде со доста важни промени. Јас поради замореноста на пратениците за некои работи за кои сакав повеќе да зборувам како што е улогата на наставникот во новото современо училиште, потоа опременоста на училиштата за изведување на современа настава итн., на крајот би се задржал на уште неколку прашања, кои ќе ги наложат овие закони, а училиштата ќе мора да ги извршуваат.

Една од поважните задачи кои ќе произлезат од овој закон и ми се чини како приоритетна е трансформација ан директорот преку повеќе семинари. На овој план и н:ешто е стореност. Во изминатите неколку години се одржаа такви семинари.

Второ, има потреба од добро подготвени, планирани и организирани семинари за наставниот кадар, за наставниците. И на тој план иако е нешто работено, но тоа е недоволно. Од тие причини има потреба од постојано одржување на семинари за стручно усовршување. При носењето на законот за буџетот, како што е познато од ставката наменета за оваа цел се поделија средства што секако не беше оправдано со носењето на овој закон меѓутоа, има многу поголеми потреби од вакви финансиски средства. Што значи дека тие средства не се залудно фрлени.

VII/3

Трето, ќе има потреба да се направи увид во материјалната сфера на училиштата, мислам на просторот, опрема, нагледни средства, помагала, кабинети и Министерството да направи напори да се доведат сите училишта во исти или во слични состојби. Денеска тие состојби се мошне разновидни. Наставникот кој треба да се оценува ќе треба да работи во разни услови. А<ко знаеме дека најважен критериум за вреднување на неговата работа е постигнатиот успех, а тие постигнати успеси тие ги постигнуваат во различни услови, иако на повисокото образование при тестирањето покажат учениците различни знаења тие нема да бидат резултат само на залагањето на наставникот, но и на условите во кои тој работел.

Четврто, активно вклучување на родителите во однос на родителскиот совет во животот, работата и со управувањето на училиштето.

Искуствата кои ги имаме во овие неколку години, посебно со воведување на таканаречениот ученички денар тоа го потврдија. Тука имаме драгоцена помош и понатаму треба да очекуваме резултати на овој план.

Петто, Педагошкиот завод на Македонија како највисок стручен орган на образованието мора да даде на училиштата многу поголема помош, да биде поприсутен во училиштата и на тој начин да овозможи примена ан современа технологија, а тоа значи дека и тој треба да биде на соодветна завидна висина.

Асоцијацијата заедница на средни училишта и во основното и во средното образование егзистираше овие години и има одредени и позитивни и негативни резултати, меѓутоа сметам дека има потреба од некоја ваква форма на договарање на училиштата по одредени прашања. Дали тоа да биде на ниво на државата или регионално,

меѓутоа, има потреба дали преку Педагошкиот завод, Министерството итн.

За оценувањето на наставниците кое е новина и за кое нешто кажа претходниот дискутант сметам дека две години не е многу тој период е доволен меѓутоа изискува многу напори, ќе внесе одреден немир меѓу наставниците, но секако дека и ќе мотивира за подобри резултати. Оваа практика беше присутна во минатото. Постарите генерации беа оценувани немало некои отпори, меѓутоа сметаме дека денеска тоа ќе биде прифатено но ќе биде далеку поголема мотивација кај сите други службеници, други работници во општествените дејности да бидат вака оценувани. Дали ќе биде годишно,двегодишно, петгодишно итн. Меѓутоа, ако останеме само ние од образованието, секако ќе има и одредени негативни реперкусии.

Законот да овозможи создавање на современ модел на училиште кој ќе овозможи примена на современа наставна технологија. Училиште во кое ќе дојдат до израз оптимално креативните способности на наставниците и учениците. Законот ќе иницира многу субјекти во училиштето да бараат соодветни услови за воспитно образовна работа предвидени со нормативите за опременоста на училиштата и нивното рационално користење.06јективното вреднување на вложениот труд на просветните работници и соодветната материјална стимулација ќе имаат позитивни рефлекси за поуспешна воспитно - образовна работа и постигнување на повисоки резултати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Лазаров.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, почитувани министри, знам дека нашето трпение е при крај, но мислам дека имаме на дневен ред два важни закони и ред е да кажеме што мислиме, па ќе ми дозволите за двата закони да се обратам одеднаш, затоа што да не би се јавувал двапати. Јас имам малку по спротивно мислење од претходните дискутанти ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

На дневен ред е еден закон, па после другите.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Добро, ценам дека со читање на предлогот за донесување на законот, се добива впечаток дека освен во областа на управувањето и изборот на директорот и можноста за формирање приватни училишта во средните училишта, не е ништо конкретно ново понудено, се вели дека сето ново ќе се предложи со подзаконски акти, нормативи и правилници се објаснува дека законот е флексибилен и истовремено се одбегнува можноста за негова честа промена, меѓутоа, јас ценам дека законот треба да биде тој што ќе ги регулира основните~начела, а правилата треба поспоредните работи да ги регулираат. Знаејќи го нашето искуствово и нашиот менталитет ќе се повторува праксата секој министер да прави своја реформа, мислам овој министер тоа не го направи, меѓутоа, сите претходни тоа го правеа и од тие причини ценам дека не треба да ја пропуштиме можноста за правење на помодерен систем за образование, што ќе преставува суштинска реформа и ќе биде компатибилен со системот на образованието во развиените западни земји. Околу тоа сите се согласуваме, меѓутоа, мислам дека сето тоа треба да биде ставено во законски рамки. Сега ако ми дозволувате дискусија за законот за средното .образование, а ќе кажам само она што

за основно образование треба во законот да се воведат и рамки за број на предмети од минимум до максимум некои, на часови од минимум до максимум оцени се ставени, меѓутоа треба да се стави и минималното знаење за секоја оценка, а тоа не треба да се става во некои правилници.

Потоа, мислам дека една новина предлагам со една негативна оцена да нема повторување и да не се полага по два пати туку ако ученикот од седум предмети има шест позитивни да може да помине, затоа што шест е тој минималната квота. Тоа е една пракса што е една пракса во повеќе земји која што успешно функционира и една важна работа мислам дека седењето на ученикот треба да се воведе така што ученикот сам да седи во клупа. Тоа не е техничко прашање, туку е од суштински карактер и со тоа ќе се стимулира индивидуалноста и креативноста на ученикот. Затоа се потребни материјални средства, но во еден период од 5-6 години тоа може да се воведе.

Изборот на директор како што е сега не обезбедува да преовлада критериум на стручност, способност и компетентност, туку политичката припадност, а со законот ние велиме дека политичка активност не дозволена во школото.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Со цел да придонесам законот односно предлогот кој што е даден за донесување на закон да биде малку по можност подобар, ќе истакнам само некои моменти, кои ми паднаа во очи, читајќи го предлогот за донесување на законот.

Инаку, во начело да кажам дека го поддржувам предлогот за донесување на законот за основното образование и во целина мислам дека, иако недоволно ги познавам проблемите, кои што мислам онака во

VII/8.-

проблемите кои што ги има основното образование и покрај тоа што некои проблеми ми се во длабоко сеќавање, кои се уште стојат не решени, а кои настојуваме да ги решиме, меѓутоа, мислам дека некои пропусти се повлечени низ предлогот, па затоа ќе ги истакнам нив со цел истиот да биде што пофункционален, односно од предлогот кој што ќе биде даден во втората постапка да биде што подобар.

Прво, би кажал дека по мене нешто не е во ред со членовите 14 и 15. Она што таму се истакнува во член 14 се вели дека основно училишта како јавна установа го основа Владата на Република Македонија. А она што е по мене одредена спротивност, тоа што е речено во член 15: "Основно училиште може да се основа ако има доволен број ученици". Вториот став вели: "Основно училиште може да се основа и кога нема доволен број ученици по претходна согласност од Министерството за образование и физичка култура". Мислам дека овде се судруваат работите и испаѓа наместо Владата да биде повисок орган, испаѓа дека министерството е повисок орган, иако министерството во состав на Владата, а мислам дека таа работа треба да се види и да се регулира правно како би требало да изгледа, а вака по мене е неодржливо. Министерството да дава согласност на Владата.

Она за што се залагам е исто така во член 8, таму е регули- рано прашањето на основното образование за ученици со пречки во физичкиот или психичкиот развој, основно, музичко, балетско и други видови училишта.

Посебна е моја заложба што со основно образование да се опфатат задолжително и учениците со пречки во психичкиот и физичкиот развој. А не да биде во оваа форма како што е речено. Може да биде тоа задолжително, бидејќи мислам дека тие се состав на нашето општество.

VII/8.-

Она што исто така тука би го истакнал членот 56. Во став 1 се употребува терминот"учител", а во член 63 се зборува дека во воспитно - образовната дејност во основното образование ја остваруваат наставници, стручни работници и воспитувачи. Она што е"учител"е изоставено и мислам дека држи да биде компонирано, бидејќи тој во случајов е исклучен.

Моја посебна забелешка е членот 91 каде што се зборува за органите на управување на училиштето. Мислам дека треба да стои , законот, прво, чини еден чекор напред, кој што ние се уште не сме го направиле, предвидува совет на општината, тоа се уште не е со законот опфатен за локална самоуправа, мислам порано сме го имале во нацрт во стариот состав, меѓутоа, сега се уште го немаме и Совет на општина се уште не е институција која што по мене постои. Правниците може би ќе ме демантираат, но ако е така прифаќам да ме демантираат. доколку е исправно, а ако не е мислам дека чекорот е направен напред

Второто прашање по истиот член е што не е регулирано прашањето како се составува Советот на родителите. Инаку, еден орган кој тоа по мене е многу важен и кој повремено во практиката барем во овие три четири години не одигра, иако во некои места ја одигруваше улогата, но во некои не ја одигруваше улогата, бидејќи беше запоставен и скоро да не беше воопшто респектиран, иако е многу важен орган па имаме случаеви, јас не би сакал сега да ве замарам и да набројувам моменти, бидејќи сметам дека не е место за тоа, наместо тоа да кажеме дека овие работи се надминуваат.

Исто така, нешто би кажал во врска со член 9 3 каде што се зборува за органите на раководење. Став 5 зборува за тоа дека директорот на основното училиште го именува и разрешува министерот по претходно мислење добиено од Педагошкиот завод на Македонија и

училишниот одбор. Мислам дека исто и овде треба да постои малку подобра формулација по однос на тоа што ќе се случи дали ќе биде избран директорот односно именуван директорот од страна на министерот и во случај кога нема позитивно мислење од училишниот одбор. Мислам дека таа работа треба да биде регулирана, бидејќи понатаму во практиката ќе се случуваат такви проблеми. Фактички во овие чеитри-пет години ги имавме, па велам дека некогаш беше почитуван, а некогаш не беше почитуван, и затоа мислам дека би требало да постои одредба да се регулира тоа прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Прво, Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за основното образование.

Второ, Владата на Република Македонија ќе и зготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, забелешките на пратениците Бранирод Михајловски, Руфи Османи, Рами Туда, Зеќир Кадриу и Сами Ибрахими и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието.

Трето, овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за образование и физичка култура.

Ве молам повикале ги пратениците да влезат во салата за да можеме да гласаме.

**СТОЈАН АНДОВ**: (продолжение)

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака?(62)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучок.

Минуваме на **точката 6** - Предлог за донесување на закон за средното образование.

Предлогот за донесувањето на законот извештаите на работните тела на Собранието и забелешките на пратениците Персида Малинска и Бранирод Михајловски ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес, молам кој бара збор?

**БРАНИРОД МИХАЈЛОВСКИ:**

Ќе бидам многу краток, само ќе ја нагласам потребата од овие промени кои ги предлагам и што се доставени во собраниска процедура на законот, односно Предлогот за донесување на закон за средно образование..

Поддржувајќи го предлогот за донесување на закон за средно образование, сакам да се задржам на еден сегмент, еден потсистем во вкупниот систем на образование. Имено на потсистемот на образованието на возрасните коинцидентно, или можам да речам воопшто не е спомнат во законот за средното образование. Образованието на возрасните како витален потсистем во системот на едукацијата зазема забележително место. Образовните и кутоурните потреби на воз- расните за активен и творечки живот со повеќе нагласка дава на образованието на возрасните во современите услови во современото ж веење, комуницирање и опстојување. Во тој контекст и современите процеси, животни и работни услови поставуваат императив пред воз- расните. Тој перманентно да учи, да живее и да работи и да биде активен творец и креатор на севкупната стварност и активност.

Перманентното учење во тој контекст е и реформски предизвик за нов однос кон образованието на возрасните. Затоа се иницира и потребата од поголемо и поактивно вклучување на возрасните во процесите на образованието и учењето, било преку системски или преку масовни форми на образование низ разновидни институции за образование на возрасните. Потребите од перманентно образование многу одамна го согледале и специјализираните институции на ОН како што е УНЕСКО и на проблемот на перманентното образование, односно на образованието на возрасните му се посветени и неколку меѓународни конференции. Искуствата на овој план по развиените западни земји, па и до довчерашните републики се големи. Бројни се земјите кои ни законодавната регулатива го санкционираат перманентното образование, а преку правилно водената образовна политика, истото го помагаат. Само за илустрација Република Словенија во 1992 година, донесе национална програма за насочување на образованието на возрасните, а на пр. Република Хрватска во Законот за средно образование му посвети цело едно поглавје на образованието на возрасните. Тргнувајќи од наведените научни и практични искуства ги предлагам и веќе доставените мислења и предлози за промени во предлогот за донесување на закон за средното образование кои во основа претставуваат обид текстот на законот да се подобри , а и сферата на перманентното образование на возрасните го доби своето место во законодавната регулатива.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на РМ го усвојува Предлогот за донесување на закон за средно образование.

2. Владата на РМ да изготви и на собранието ќе му доста- ви Предлог на закон, при што ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на Работните тела , забелешките на пратениците Персида Малинска и Бранирод Михајловски и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, забелешките на пратениците Персида Малинска и Бранирод Михајловски и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието да се достават до Владата на РМ и Министерството за образование и физичка култура.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака? (62)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање ?(не)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучок.

Сега ви предлагам да преминеме на **21-та точка** да ги завршиме законските проекти.

Да го разгледаме Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за царинска тарифа со Предлогот на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлог на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за изменување на законот за царинската тарифа.

Кој е за молам да крене рака? (61)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање ? (1)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање ? (не)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (61)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за царинската тарифа.

Минуваме на **точката седум** - Избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија. Предлогот на Републичкиот судски совет и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Преминување на гласање.

Предлогот Александар Бошњаковски да е избран за судија на Врховниот суд на Република Македонија го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (58)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање ?(2)

Јас ве молам да утврдиме точен број на присутни пратеници значи имаме доволно.

Констатирам дека Александар Бошњаковски е избран за судија на Врховниот суд на Македонија.

Предлогот Јосиф Луковски да биде избран за судија на Врховниот суд на Македонија,го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (59)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (4)

Констатирам дека Јосиф Луковски е избран за судија на Врховниот суд на РМ.

Предлогот Сабид Кранли да биде избран за судија на Врховниот суд на РМ го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (46)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (16)

Констатирам дека Сабит Кранли е избран за судија на Врховниот суд на РМ.

Предлогот Шуретуш Бислимовски да биде избран за судија на Врховниот суд на РМ го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (никој)

Констатирам дека Шуретуш Бислимовски не е избран за судија на Врховниот суд ан РМ.

Предлогот Блаже Муратовски да биде избран за судија на основниот суд на РМ го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (2)

Констатирам дека м-р Блаже Муратовски не е избран за судија на Врховниот суд на РМ.

Констатирам дека за судии на Врховниот суд на РМ се избрани Александар Бошњаковски, Јосиф Луковски и Сабид Кранли.

На избраните судии им го честитам изборот и им посакувам успешна работа.

Минуваме на **<u>точката осу</u>**м - <u>Предлог на одлука за давање согласност на статутот на јавната здравствена организација Природно лекувалиште "Бања Бањско" Банско.</u>

Предлогот на одлуката и извештаите на комисијата за здравство и ЗПК ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање..

Кој е за Предлогот на одлуката молам да крене рака?(60)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Молам да утврдиме точен број на пратеници.

Молам, сега имаме 62 пратеника.

Мораме да го спроведеме сега гласањето.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Молам кој е за предлогот на одлуката да крене рака? (62)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за давање согласност на Статутот на јавната здравствена организација Природно лекувалиште "Бања Бањско" Бањско.

Минуваме на **точката 9** - Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на јавната здравствена организација Социјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза "Јасеново" Титов Велес.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за здравство и извештаите на ЗПК ви се доставени.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот. Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката молам да крене рака? (63)

Дали некој е против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање ? (не)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за давање на согласност на Статутот на јавната здравствена организација специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза "Јасеново" Титов Велес.

Минуваме на **точката 10** - Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на јавната здравствена организација Болница за нервни и душевни болести "Бардовци" Скопје.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за здравство и ЗПК ви се доставени.

VIII/8

Отворам претрес.

Молам кој бара збор ? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката молам да крене рака?

**СТОЈАН АНДОВ:**

63 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Не).

Дали е некој воздржан? (Не).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Болница за нервни и душевни болести "Бардовци" - Скопје.

Минуваме на точка 11 - Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за здравство и ЗПК ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлог - одлуката, молам да крене рака.

62 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје.

Минуваме на **точка 12** - Предлог на одлука за основање пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Обединетото Кралство Велика Британија и Северна Ирска.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака?

61 пратеник гласаа за.

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не) .

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за основање пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Обединетото Кралство Велика Британија и Северна Ирска.

Минуваме на **<u>точка 13</u>** - <u>Предлог на одлука за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Институтот за македонски јазик "Крсте Мисирков" - Скопје.</u>

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Има збор господин Лазаров.

**JOВАН ЛАЗАР0В:**

Имам една замолница ако оваа точка може да се одложи, Комисијата уште еднаш да расправа, причините и се објаснети на Комисијата, односно на претседателот на Комисијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката молам да крене рака?

51 пратеник гласаа за.

Дали има некој против? (1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (4 пратеници).

Пак сме во тешкотии. Молам да се утврди точниот број на присутни пратеници во салата.

65 пратеници има, значи имало доволно пратеници, некој не гласал.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Институт за македонски јазик "Крсте Мисирков" - Скопје.

Минуваме на **<u>точка 14</u>** - <u>Предлог на одлука за разрешуваше и именување претставници на Републиката</u> на Советот на Градежниот факултет во Скопје.

Предлогот на одлуката и новиот текст на Предлог - одлуката ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака?

62 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали има некој воздржан? (Не).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката на Советот на Градежниот факултет во Скопје.

IX/4.-

Минуваме на **точка 15** - Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Педагошка- та академија - Битола.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака?

62 пратеници гласа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува? (Не).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Педагошката академија - Битола.

Минуваме на **точка 16** - Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кое е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака?

64 пратеници гласа за.

Дали е некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Минуваме на **<u>точка 17</u>** - <u>Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Ансамблот за народни игри и песни "Танец" - Скопје</u>.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака?

63 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Ансамблот за народи игри и песни "Танец" - Скопје.

Минуваме на **<u>точка 18</u>** - <u>Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на</u> Народната и универзитетска библиотека "Климент Охридски" Скопје.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака?

64 пратеници гласа за.

Дали е некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Народната и универзитетска библиотека "Климент Охридски" - Скопје.

Минуваме на **точка 19** - Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Студентскиот центар "Скопје" - Скопје.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака?

65 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Студентскиот центар "Скопје" - Скопје.

Минуваме на **точка 20** - Информација за актуелните состојби и презема&ето за заштита на Охридското Езеро од отпадни и загадени води.

Информацијата ви е доставена.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Со тоа е исцрпена последната точка на денешната седница и една напомена:

Ве молам, најголем дел од вас, од пратениците, сигурно ќе одат на годишен одмор, сега, јас би ги молел пратениците во пратеничките групи да остават начин како може со нив да се комуницира за време на годишниот одмор, ако се укаже потреба да знаеме на кој начин да стапиме во контакт со нив и да ги повикаме евентуално на седница.

Јас се надевам дека нема да има потреба, но може да се случи да има потреба. Тоа мораме да го имаме.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Дваесет и втората седница на Собранието на Република Македонија и ви посакувам пријатен одмор.

(Седницата заврши во 20,20 часот).